## Универзален периодичен преглед

Универзалниот периодичен преглед "има огромен потенцијал за унапредување и заштита на човековите права во најмрачните делови во светот.” – Ban Ki - Moon, генерален секретар на ОН.

Универзалниот периодичен преглед (UPR) претставува единствен процес кој вклучува преглед на евиденцијата за човекови права на сите 192 држави членки на ОН еднаш во четири години. Универзалниот периодичен преглед е процес кој го предводат државите, под покровителство на Советот за човекови права, кој на секоја држава ѝ дава можност да се изјасни кои активности се преземени за да се подобри состојбата со човековите права во нивните земји и исполнувањето на нивните обврски за човекови права. Како една од главните карактеристики на Советот, Универзалниот периодичен преглед е направен на начин кој ќе обезбеди еднаков третман на секоја држава кога се проценува состојбата со човековите права.

Универзалниот периодичен преглед (UPR) беше воспоставен преку генералното собрание на ОН на 15 март 2006 со резолуцијата 60/251, со која беше основан и Советот за човекови права. Тоа е процес на соработка, со кој до 2011 ќе се направи преглед на евиденцијата за човекови права во секоја земја. Во моментов не постои ниеден друг универзален механизам од овој тип. UPR е еден од клучните елементи на новиот Совет, со кој државите членки се потсетуваат на нивната одговорност за целосно почитување и спроведување на сите човекови права и основни слободи. Крајната цел на овој нов механизам е да се подобри состојбата со човековите права во сите држави и справување со повредите на човековите права секогаш кога тоа ќе се случи.